Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. 02-910/1
08.10.2026
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Republika e Maqedonisë së Veriut
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS

Врз основа на член 77-а, член 77-и од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25), член 6 став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), согласно Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување на давателите на јавни услуги, критериумите за унапредување и распоредување на актери по групи, начинот на спроведување на селекцијата на унапредување, како и начинот на нивно бодување во РСМ НУ Македонски народен театар – Скопје бр.02-273/2 од 18.03.2026 година, Одлука за објавување на интерен оглас под бр.02-910/1 од 08.10.2026 година, Известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии на РСМ под бр.19-4377/2 од 11.06.2026 година и бр. 19-6774/2 од 04.09.2026 година се објавува:

ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АКТЕРИ

НУ „Македонски народен театар“ – Скопје утврдува потреба од унапредување на:

- еден (1) извршител на работното место „Актер првенец“, со шифра на работно место КУЛ 03 04 А01 002;
- четири (4) извршители на работно место „Актер прва група“, со шифра на работно место КУЛ 03 04 А03 003;
- три (3) извршители на работно место „Актер втора група“, со шифра на работно место КУЛ 03 04 А04 003 и
- пет (5) извршители на работно место „Актер трета група“, со шифра на работно место КУЛ 03 04 А05 011.

Кандидатите кои конкурираат за унапредување на горенаведените работни места, треба да ги исполнуваат следните услови во однос на образованието:

- средно уметничко образование или високо образование, односно најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС, или завршен VII/1 степен од областа на драмските уметности, отсек актер.

Со пријавата кандидатите се должни да достават:

- доказ за завршено образование (заверена на нотар) или оригинал;

- лична биографија.

Кандидатите за унапредување на работното место „Актер првенец“ треба да ги исполнуваат следните посебни услови до денот на објавување на интерниот оглас:

- Актер со остварени најмалку 50 професионални театарски улоги, од кои најмалку 10 главни улоги;

- Актерка со остварени најмалку 40 професионални театарски улоги, од кои најмалку 10 главни улоги.

Кандидатите за унапредување на работното место „Актер прва група“ треба да ги исполнуваат следните посебни услови до денот на објавување на интерниот оглас:

- Актер со остварени најмалку 40 професионални театарски улоги;
- Актерка со остварени најмалку 30 професионални театарски улоги.

Кандидатите за унапредување на работното место „Актер втора група“ треба да ги исполнуваат следните посебни услови до денот на објавување на интерниот оглас:

- Актер со остварени најмалку 25 професионални театарски улоги;
- Актерка со остварени најмалку 18 професионални театарски улоги.

Кандидатите за унапредување на работното место „Актер трета група“ треба да ги исполнуваат следните посебни услови до денот на објавување на интерниот оглас:

- Актери со остварени најмалку 15 професионални театарски улоги;
- Актерки со остварени најмалку 10 професионални театарски улоги.

Со пријавата задолжително се доставува доказ за одиграни улоги, како и доказ за освоени домашни и меѓународни награди и признанија.

Работното време за работното место „Актер првенец“ е полно работно време од 40 часа неделно, распоредено согласно месечниот план за проби и претстави, во временски интервали од 10:00 до 14:00 часот и од 19:00 до 23:00 часот.

Основната нето плата за работното место „Актер првенец“ изнесува 88.855,00 денари.

Работното време за работното место „Актер прва група“ е полно работно време од 40 часа неделно, распоредено согласно месечниот план за проби и претстави, во временски интервали од 10:00 до 14:00 часот и од 19:00 до 23:00 часот.

Основната нето плата за работното место „Актер прва група“ изнесува 74.125,00 денари.

Работното време за работното место „Актер втора група“ е полно работно време од 40 часа неделно, распоредено согласно месечниот план за проби и претстави, во временски интервали од 10:00 до 14:00 часот и од 19:00 до 23:00 часот.

Основната нето плата за работното место „Актер втора група“ изнесува 68.077,00 денари.

Работното време за работното место „Актер трета група“ е полно работно време од 40 часа неделно, распоредено согласно месечниот план за проби и претстави, во временски интервали од 10:00 до 14:00 часот и од 19:00 до 23:00 часот.

Основната нето плата за работното место „Актер трета група“ изнесува 61.948,00 денари.

Рокот за поднесување на пријавите изнесува 15 дена, односно до 23.10.2026 година. Пријавите се доставуваат во Архивата на НУ „Македонски народен театар“ – Скопје, во периодот од 10:00 до 15:00 часот.

Лице за контакт - Васил Ризов
телефонски број: 02-3216-725

Ненавремените и некомплетните пријави нема да бидат разгледувани.

Селекцијата на кандидатите ќе се спроведе најдоцна во рок од 15 дена од истекот на рокот за поднесување на пријавите, од страна на Комисија за селекција за унапредување.

Во рамките на селекциската постапка, Комисијата ќе спроведе реаудиција на кандидатите во однапред утврден рок. За потребите на реаудицијата:

- на кандидатите од машки пол ќе им биде доделен монолог за машка улога;
- на кандидатите од женски пол ќе им биде доделен монолог за женска улога.

Кандидатите се должни да го подготват и презентираат доделениот монолог пред Комисијата, во рок не подолг од 10 дена од денот на доделувањето.

Директор
Никола Кимовски